Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

**Генерална дирекција Скопје**

Број: 08-4192/1

Датум: 26-07-2022

Врз основа 12 од Закон за Управа за јавни приходи („Службен весник на РМ", бр. 43/14...„Службен весник на РСМ", бр. 07/19), а во врска со член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", бр. 55/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на РСМ", бр. 96/19 и 110/19) како и Заклучокот број 41-17/55 од 28.06.2022 година донесен на 55-та Седница на Владата на Република Северна Македонија, директорот на Управата за јавни приходи донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН
# за спречување и борба против корупцијата во Управата за јавни приходи за 2022 година

Изработил: Адриана Бекир

Проверил: Даниела Бошковска

Одобрил: Катерина Марковиќ Јанковска

Директор: Сања Лукаревска

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ..... 3
   1.1. Основни поими согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ“, бр. 12/19). ..... 3
2. ГЛАВЕН ДЕЛ (ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ) ..... 4
   2.1. Надлежност на Управата за јавни приходи ..... 4
   2.2. Цел на планот ..... 4
   2.3. Целна Група ..... 5
   2.4. Мерки и активности ..... 5
3. ЗАВРШЕН ДЕЛ ..... 9

# 1. ВОВЕД

Корупцијата е еден од главните предизвици и опасности на демократското општество. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана во остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.
Од таа причина од исклучително значење е воспоставувањето на механизми, процедури и политики кои ќе влијаат во спречување, минимизирање на ризиците за појава на корупција и на тој начин обезбедување на услови за добро управување, работење согласно Уставот и законите во Република Северна Македонија, меѓународните ратификувани договори и етичките норми и стандарди.
Управата за Јавни Приходи преку сет на мерки помеѓу кои и Годишниот план за спречување и борба против корупцијата континуирано вложува во унапредување на механизамите и процесот на работа со цел намалување на можноста за појава на корупција во работните процеси и организациони делови.

## 1.1. Основни поими согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ", бр. 12/19).

**Корупција** - согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси- корупцијата се дефинира како злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Притоа, под овој поим се опфатени и поимите на:

**Пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Судир на интереси** - состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Јавен интерес** - преставува заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

**Приватен интерес** - материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршење на јавните овластувања и должности.

**Ризик од корупција** - подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет** - подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

## 2. ГЛАВЕН ДЕЛ (ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ)

### 2.1. Надлежност на Управата за јавни приходи

Надлежноста на Управата за јавни приходи произлегува од Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка, согласно кои ги извршува управните и други стручни работи кои се однесуваат на делокругот на нејзиното работење, како и работи кои произлегуваат од посебните даночни закони (Закон за данок на личен доход, Закон за данок на додадена вредност и Закон за данок на добивка).

Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика, го води единствениот даночен регистар и даночните евиденции на даночните обврзници, прима даночни пријави, ги утврдува, врши наплата и поврат на даноци, социјални придонеси од плата и други јавни давачки, врши инспекциски надзор, им дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.

Управата за јавни приходи исто така е надлежна и за наплата на парични казни и трошоци изречени во парнични, прекршочни и управни постапки во корист на Република Северна Македонија, утврдување и наплата на други јавни давачки доверени со закон, надзор над примена на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и постапки кои произлегуваат од Законот за минералните суровини.

### 2.2. Цел на планот

Годишниот план за спречување и борба против корупцијата на Управата за јавни приходи, е во насока на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, со кој преку детектирање на слабостите во процесите и делокругот на работата, ќе придонесе за искоренување на корупцијата и спречување на нејзина понатамошна појава, обезбедување на владеење на правото, квалитетен, ефикасен и ефективен придонес во борба против корупцијата.

Обврска на секој вработен во Управата за јавни приходи е при извршување на работните задачи да постапува во согласност со Уставот и законите, меѓународните ратификувани договори како и прописите донесени врз основа на закон.
Секој вработен е должен да го почитува Кодексот за однесување на вработените во Управата за јавни приходи, да се однесува одговорно согласно пропишаните стандарди за однесување, да манифестира висок интегритет во работењето , да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.
Цели кои се утврдуваат со овој план се унапредување на воспоставената антикорупциска рамка во Управата за јавни приходи, зголемување на транспарентноста во работењето , унапредување на применатата на законските и подзаконските акти со кои се регулира областа на борбата против корупцијата.

Институционална отпорност на корупција, во институцијата се постигнува и преку контуинирано едуцирање на вработените, во насока на пријавување и спречување на конфликт на интереси, како и кон подигање на свеста за пријавување и спречување на корупцијата која ја поткопува правната држава, ги дерогира законите, а со тоа ги загрозува и правата на граѓаните.

### 2.3. Целна Група

Спроведувањето на Годишниот план за спречување и борба против корупцијата се однесува на сите вработени во Управата за јавни приходи.

### 2.4. Мерки и активности

#### 2.4.1. *Јакнење на интегритетот на вработените*

Зајакнување на интегритетот на вработените на Управата за јавни приходи на лично и институционално ниво со цел градење на култура за нетолерантност кон корупцијата, преку тематски обуки, спроведување на политики и контролни механизми со цел јакнење на довербата кон институцијата како и доследно почитување и стремење кон целосно остварување на мисијата и визијата на Управата за јавни приходи.
Управата за јавни приходи со цел зајакнување на интегритетот на вработените ќе спроведува политики на управување со човечките ресурси преку стручно усовршување и подобрување на вештините на вработените .
Управата за јавни приходи континуирано работи на создавање на нула толеранција на корупцијата, бидејќи јасната антикоруптивна заложба праќа јасен сигнал до даночните обврзници.
Јавната доверба во Управата за јавни приходи и интегритетот на институцијата се основа и суштина на нејзиното делување и обврска на сите вработени да се придржуваат кон вредностите и кон извршувањето на задачите на одговорен, чесен, професионален и транспарентен начин.

#### 2.4.2. *Примена на законската регулатива со кои се регулира областа на борба против корупцијата*

Задолжително е доследно почитување на одредбите од Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка и другите материјални закони како и подзаконските акти и оперативните инструкции и упатства, од каде произлегуваат надлежностите на вработените на Управата за јавни приходи а чие доследно применување би влијаело на законско и правилно извршување на работните

обврски а со тоа соодветно спроведување на постапките кои произлегуваат согласно законите .
Воедно, потребно е доследно спроведување на одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси и почитување на законските одредби при вршење на работните цели и задачи од делокругот на работењето на Управата за јавни приходи.
Вработените во Управата за јави приходи, при извршување на работните задачи, не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси, да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.

*2.4.3. Почитување на Кодексот на однесување на вработените во Управата за јавни приходи и Упатството за антикоруптивно однесување на вработените во Управата за јавни приходи*

Етичките принципи ја обезбедуваат потребната ориентација за остварување на целите на УЈП, го опишуваат она што треба да го карактеризира работењето на вработените во Управата за јавни приходи, нивната интеракција со јавноста, со даночните обврзници и трети лица, но и меѓусебната внатрешна комуникација во рамките на институцијата.
Секој вработен во Управата за јавни приходи потребно е да има виок степен на познавање на Кодексот на однесување на вработените во Управата за јавни приходи и Упатството за антикоруптивно однесување на вработените во Управата за јавни приходи.

Принципите на Кодексот на однесување на вработените во Управата за јавни приходи :

- Вработениот нема да ја искористува својата функција, јавно овластување, службена должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг.
- Вработениот непосредно и посредно нема да прима или поддржи било какви подароци, предмети или друга корист од лице заради делување или неделување во службата.
- Вработениот е граѓанин во служба на јавноста од кој се бара да покаже лојалност кон Уставот, законите и етичките принципи и да делува во рамките на темелните вредности на државната служба, а тоа подразбира јавниот интерес секогаш да биде над личниот интерес (доколку дојде до судир или несклад меѓу нив).
- Вработениот ќе делува согласно правилата на ред и дисциплина и со искрени напори ќе ги извршува работните обврски.
- Вработениот ќе делува непристрасно и нема да дава посебен третман на било кој приватен субјект или поединец.
- Вработенот нема намерно да дава неовластени ветувања, заложби или слично, кое би посочувало на ветување во име на Управата за јавни приходи.
- Вработениот ќе ја штити и чува државната сопственост и истата нема да ја користи за било какви други активности освен официјалните.
- Вработениот ќе се придржува до сите закони и регулативи кои предвидуваат еднакви можности и услови за сите во материјална и нематеријална смисла,

без разлика на раса, боја на кожа, вероисповест, пол, етничко потекло, возраст или хендикеп.

- Вработениот соодветно ќе ги исполнува своите обврски како граѓанин, вклучувајќи ги и сите финансиски обврски и даноци на државно и локално ниво, предвидени со закон.
- Вработениот нема да врши финансиски трансакции користејќи службени информации кои не се јавни и нема да дозволи несоодветна употреба на службените информации за било какви други приватни интереси.
- Вработениот секогаш ќе ги пријавува расипништвото, измамата, злоупотребата и корупцијата до надлежните власти.
- Вработениот нема да се впушта во вршење на работи и дејности, вклучувајќи го надворешното работно ангажирање, кои се во судир (конфликт) со службените должности, честа, објективноста и достоинството на даночната служба.
- Вработениот ќе се стреми да ги избегнува сите дејствија со кои е очигледно дека се крши законот или стандардите од Кодексот на однесување на вработените во Управата за јавни приходи.

*2.4.4. Континуиран развој на институционалниот капацитет на Управата за јавни приходи за спречување и борба против корупција*

Согласно актите за организација и систематизација на работните места во Управата за јавни приходи Секторот за внатрешна ревизија, како функционално самостојна организациска единица придонесува за подобрување на работењето на институцијата, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, како и меѓународните стандарди за внатрешна ревизија. Сите вработени вклучувајќи ги и внатрешните ревизори известуваат за неправилностите или за сомнежите за измами или корупција.

Единица за професионални стандарди како организационен дел на УЈП врши контрола на професионалното однесување и постапување на вработените. Единицата постапува по сопствена иницијатива и по претставки и пријави за непрофесионално однесување на вработените во УЈП, како и спроведува постапка за испитување на основаноста на претставките и пријавите.

Во насока на заштита на правата и интересите на даночните обврзници, во функција е и бесплатна телефонска линија 198 за анонимно пријавување на неправилности или коруптивно однесување на вработените во УЈП, назначено е службено лице надлежно за постапување по барањата за пристап до информации од јавен карактер како и назначено е лице за заштитено внатрешно пријавување на неправилности.

Управата за јавни приходи ќе продолжи со континуирано зајакнување и развивање на институционалните капацитети за справување со корупцијата.

*2.4.5. Модернизација и целосна дигитализација на работните процеси*

Автоматизацијата и дигитализација на работните процеси од една страна ја зголемува ефикасноста и ефективноста во работењето, а од друга страна го намалува личниот контакт помеѓу даночните службеници и даночните обврзници со што се намалува можноста за влијание и појава на коруптивни дејствија.

Управата за јавни приходи постојано ги унапредува процесите во корист на даночните обврзници, со што се стреми кон највисок степен на автоматизација на работата и постојано ревидирање на функционалноста на постојните ИТ решенија кои се во употреба.
Посебно внимание ќе му биде посветено на безбедносниот аспект на ИТ системот со што ќе доведе до засилена одговорност и можноста за надзор или евентуална подоцнежна контрола во употребата на дискреционите овластувања на даночните службеници, како и до нивно намалување за сметка на системски и дигитални решенија и процеси.

### 2.4.6. *Зголемување на институционалната транспарентност и доследно спроведување за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер*

Проактивната транспарентност претставува концепт на самоиницијативно објавување на значајни документи и информации за буџетското и програмското работење на јавните институции на нивните интернет страници. Оваа пракса на објавување на документи и информации овозможува јавноста континуирано да биде информирана за законите и одлуките што ја засегаат и придонесува за владеење на правото.
Управата за јавни приходи ќе продолжи со навремено, транспарентно и континуирано објавување на информации, извештаи и настани, за сите прашања од делокругот на надлежностите на УЈП , како и навремен одговор на прашањата од медиумите водејќи се од начелата на транспарентност и отчетност и почитувајќи ги одредбите од Законот за даночна постапка за податоците кои претставуваат даночна тајна како и одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

Воедно, една од основните заложби на Управата за јавни приходи е градење на партнерски однос со даночните обврзници што подразбира транспарентно и навремено информирање на јавноста за сите новини во работењето на УЈП како и чесно и одговорно постапување на вработените со сите предизвици со кои се соочуваат даночните обврзници.

### 2.4.7. *Воспоставување на Систем за управување со ризици*

Проценката на ризикот од корупција преку воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази, овозможува со прецизно и ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултати во борбата против корупцијата.
За таа цел Управата за јавни приходи има донесено Статегија за управување со ризици во процесите и во тек е изработка на Регистар на ризици и план за справување со истите кој ќе овозможи утврдување, проценка, следење и детектирање на ризиците како и алатка за нивно управување и надминување. По изработка на Регистарот ќе се премине кон управување со ризиците преку конкретни мерки и активности и истиот ќе подлежи на ревизија еднаш годишно.

### 2.4.8. *Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и процесот за управување со јавните финансии*

Управата за јавни приходи како буџетски корисник континуирано работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со финансиските ресурси. Посебно внимание ќе посвети на анализата на недореченостите и

пропустите во процесот на јавните набавки. Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финаниските ресурси на УЈП. Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата.

Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се принципот на:

- Еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти;
- Транспарентност која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки;
- Рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари.

Со цел елиминирање на било какво корупгивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени вклучени во процесот на спроведување треба доследно да се почитува интерната процедура за начин и постапка на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки во УЈП, донесена од страна на директорот.
Со почитување на законот, процедурата и покажување на висок степен на транспарентност на процесот на јавни набавки, ќе се елиминираат сите влијанија и можности за било какво корупгивно однесување.

2.4.9. *Целосна имплементација и доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи*

Укажувачот има посебна и значајна улога, како во репресивниот, така и во превентивниот пристап кои се преземаат во борбата против корупцијата. Злоупотребите во институциите, понекогаш се откриваат само преку обелоденување на информации. Укажувањето претставува важен дел од откривањето на злоупотребите. Многу често оваа информација ја гради основата за почетна административна истрага, интерна или екстерна, а таа пак може да резултира со кривична истрага.
Управата за јавни приходи ја препознава важноста и улогата на Законот за заштита на укажувачи и согласно обврските кои произлегуваат од истиот има воспставено механизам за заштитено внатрешно пријавување.

## 3. ЗАВРШЕН ДЕЛ

Овој план влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе биде објавен на веб страната на Управата за јавни приходи.